РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Бр. 03-1994/1

Скопје 03.04.2019г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Предмет: Трет дневен извештај на Агенцијата

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува дневниот извештај за 3-ти април 2019 година.

Во денешниот извештај ве информираме за следново:

- Агенцијата денеска објави соопштение за јавност во кое потсети дека изборната регулатива забранува учество на малолетници во платено политичко рекламирање. Реакцијата беше објавена по констатациите од надзорот дека во дел од телевизиските спотови на кандидатите за претседател на државата учествуваат малолетници.

- Во прилог на овој дневен извештај, исто така, ви ги доставуваме ценовниците на три радија (Радио Метрополис, Радио Валандово и Радио Хит) кои не се објавени на вашата веб страница, а се дел од Прегледот на пристигнати ценовници на Агенцијата. Ценовниците се испратени до Агенцијата во рамки на рокот утврден во Изборниот законик.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Директор

.................................................

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
СКОПЈЕ